**БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ**
( за автобуски превоз)

Почитувани,

Здружение Национален Ромски Центар (НРЦ) од Куманово објавува **„Барање за прибирање на понуди"** повикувајќи ги сите регистрирани правни субјекти, да поднесат понуди со следните содржински спецификации:

**1.Општи услови**
1.1 Набавувач на услуги: ЗГ „Национален Ромски Центар" НРЦ од Куманово со седиште во Куманово ул. „Доне Божинов" бр. 11/5.
1.2 Предмет на барањето: **прибирање понуди за автобуски превоз**

1.3.Национален ромски центар (НРЦ) го спроведува проектот**„ Поддршка на социјално вклучување на младите Роми преку неформално образование II "** финансиран од страна на Еразмус + Програма за потреби на својата канцеларија јавно го објавува ова барање преку својата интернет адреса, до сите регистрирани правни субјекти во државата заради изнајмување на автобуски превоз.

**2. Понуда**

2.1 Понудувачот треба да достави понуда во која согласно потребите на набавувачот, во понудените содржини да содржи:

- Понуда за автобуски превоз за најмногу 30 учесници, на релација Скопје-Куманово- Косово- Албанија- Тирана-Драч, и обратно за одржување петдневна обука. Патувањето да биде реализирано согласно актуелните протоколи за заштита од Ковид 19. Тргнување од Скопје на 28.05.2021 во вечерните часови и враќање на 02.06.2021.

**3. Критериуми за избор на најповолен понудувач**:

- Најмалку 3 години потврдено искуство во областа
- Цена за автобуски превоз најмногу 30 луѓе
- Квалитет на понудените стоки и услуги,

Цената и квалитетот носат најмногу по 45 бодови, додека искуството во областа носи 10 бодови, а за добитник на повикот по барањето за доставување на понуди се смета понудувачот кој ке добие најмногу поени.
Квалитетот на понудените стоки и услуги ќе се оценува на начин што ќе се анализира видот, големината и опременоста на просторијата за одржување на настанот, дополнителните услуги кои ги нуди понудувачот, како и понуденото мени за ручек и освежување.
Бодувањето на понудените цени се определува согласно процентниот соодност на најниската и највисоката понуда.

**4. Облик и содржина на понудата**

4.1 Понудата се изработува во писмен облик
4.2 Име, адреса и седиште на понудувачот на услуги, даночен број, броеви на телефон, факс, е-маил адреси за контакт како и лица за контакт.
4.4 Карактеристики на понудата
4.5 Рок и начинот на испорака на стоките и услугите.
4.6 Вредност на понудените содржини и услуги изразена во денари без вклучен ДДВ.
4.7 Рок и начин на плаќање

Набавувачот ќе го плати нето износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот и на надлежниот орган сите потребни документи за спроведување на постапката за поврат од ДДВ при промет на добра и услуги во земјата.

Ве Молиме вашите понуди да ги испратите по електронска пошта (e-mail)на следната адреса info@nationalromacentrum.org и elezovski@nationalromacentrum.org најдоцна до (понеделник) 25.05.2021 година

Куманово 14.05.2021